CONSEIL DE L'EUROPE    COUNCIL OF EUROPE

COUR EUROPÉENNE DES DROITS DE L'HOMME
EUROPEAN COURT OF HUMAN RIGHTS

ПРВ ОДДЕЛ

# ОДЛУКА

## ВО ОДНОС НА ДОЗВОЛИВОСТА НА

Молбата бр. од НОРДИСК ФИЛМ & ТВ А/С
против Данска

Европскиот суд за човековите права (Првиот Оддел), заседавајќи на 8-ми декември 2005 год. во Советот составен од :

г. К. Л. Розакис, *Претседател*,
г. Л. Лукаидес,
г-ѓа Ф. Тулкенс,
г. П. Лоренцен,
г-ѓа Н. Bajиќ,
г. Д. Шпилман,
г. С. Е. Jебенс, судии,

и г. С. Квесада, *Заменик архивар на Одделот*,

во однос на горната молба поднесена на 14-ти ноември 2002 год.,

откако ја разгледа истата, реши како што следува :

# ФАКТИЧКА СОСТОЈБА

Молителот, Нордиск Филм & ТВ А/С, е приватно друштво со ограничена одговорност, со седиште во Валби, Данска. Пред Судот го застапува г. Тиге Триер, адвокат од Копенхаген.

## A. Околностите на случајот

Фактичката состојба на случајот, како што е поднесена од страна на Молителот, може да се сумира на следниот начин:

Друштвото Молител е телевизиски продуцент. Во октомври 1999 год. неговата документарна редакција наречена менаџерот на хотелотФак2ерен“ одлучи да продуцира емисија што ја истражува педофилијата во Данска која требало да се емитува на националната телевизија. Во врска со тоа, новинарите вработени од Друштвото Молител безуспешно побарале дозвола од едно здружение по име „Здружение на педофилите“ да присуствуваат на нивните состаноци или да го интервјуираат неговото членство.

Споменатото Здружение било формирано „за да работи на развојот на чувството за одговорност кон децата кај педофилите“ и одржувало редовни состаноци, но тие во главно биле затворени за јавноста и медиумите. Неговото членство вклучува осудени сексуални престапници. Согласно данските закони, Здружението не било илегално, што е факт кој бил предмет на јавна расправа.

Сакајќи да ги истражува активностите на Здружението на педофилите, еден новинар. ЈБ, користејќи го псевдонимот „Јакоб Андерсен“, се престорил како еден од членовите. Во текот на неговото едногодишно членување, „Јаков Андерсен“ учествувал

на божемни јавни состаноци, бил поканувал на таканаречени „приватни состаноци“ и се спријателил со двајца други членови, „Могенс“ и „Пер“. Тие двајца дале ,,многу инкриминирачки искази во однос на реалностите на педофилијата и во Данска и во Индија, вклучително совети за тоа како да се наведе едно дете да разговара преку Интернет, коментари за тоа колку е тешко да се добијат сексуални односи од деца во Данска, а од друга страна, колку лесно е тоа да се добие од децата во Источна Европа и Индија. „Могенс“ му препорачал на „Јакоб Андресен“ еден хотел што го водел еден дански педофил во Индија, во кој „Могенс“ во минатото имал секс со индиски момчиња. Ј. Б. го посетил хотелот во Индија и интервјуирал едно индиско момче за неговото познанство со „Могенс“. Исто така, пред хотелот, едно младо индиско момче нудело сексуални услуги. Ј. Б. направил бројни белешки и снимки со камера, повеќето од нив скришно.

Пред емисијата да биде емитувана на 30-ти октомври 2000 година, Здружението на педофилите и неговите членови кои биле снимени со скриена камера биле контактирани од страна на Друштвото Молител и биле уверувани дека ќе останат анонимни кога ќе биде прикажан документарецот. Така, требало да се користат лажни имиња, а лицата и гласовите на членовите да бидат замаглени.

Здружението неуспешно барало налог за забрана за емитување на емисијата.

Следниот ден по емитувањето на емисијата на 31-ви октомври 2000 година, лицето по име „Могенс“ било уапсено и обвинето за сексуални деликти согласно член 222 (1) вв со членовите 224 и 225 од Кривичниот законик (*Straffeloven*). Копенхагенската полиција (*Københavns Politi*) се заинтересирала

за него пред емитувањето на емисијата и на тој начин можела да го идентификува. Нивното барање да биде ставен во истражен затвор било одбиено од Градскиот суд, кој не нашол никаква причина да верува дека „Могенс" би ја попречувал истрагата, особено бидејќи информациите што воделе до неговото обвинение во целост се појавиле во емисијата. Така, „Могенс" бил ослободен истиот ден. Во текот на нивната понатамошна истрага која исто така вклучувала едно лице од емисијата наречено „Пер", Копенхагенската полиција барала да бидат откриени неприкажаните делови од снимките направени од страна ЈБ. ЈБ, уредникот и раководителот на документарната редакција на Друштвото Молител го одбиле барањето, после што Јавното обвинителство барало судски налог што ќе го примора Друштвото Молител да ги предаде неприкажаните снимки на полицијата.

Со одлука од 12 февруари 2001 година, Копенхагенскиот Градски суд (*Københavns Byret*) одбил да му го даде бараниот судски налог поради потребата на медиумите да можат да ги заштитуваат своите извори. Исто така, утврдил дека немонтираните снимки имале мала или никаква вредност како докази, бидејќи во суштина ја опфаќале истата материја како и емитуваните снимки. Понатаму, се повикал на член 172 од Законот за правосудство. (*Retsplejeloven*) и член 10 од Конвенцијата.

По жалба, Одлуката била потврдена на 8-ми јуни 2001 год. од страна на Апелациониот суд на Источна Данска, (*Østre Landsret*).

Бидејќи му било дадено право да се жали, Јавното обвинителство се жалело до Врховниот суд (*Højesteret*), кој на 29-ти август 2002 година пресудил против Друштвото Молител, така што истото било принудено да ги предаде ограничените

назначени немонтирани снимки и бебешките што се однесувале исклучиво на „Могенс“ и неговите активности во Данска и Индија, вклучително снимките направени пред индискиот хотел со момчето Индиец. Како и да е, снимките и белешките биле изземани од налогот секогаш кога нивното предавање би повлекло ризик да се открие идентитетот на било кој од трите именувани лица, имено „жртвата (не момчето Индиец), полицаецот и мајката на менаџерот на хотелот“. Остатокот од немонтираните снимки требало да остане заштитен. Во својата одлука, Врховниот суд го навел следното.

„Врховниот суд се согласува дека снимките за кои се претпоставува дека не се монтирани и белешките направени од новинарот ЈБ може да помогнат на истрагата и обезбедувањето докази во случајот против „Могенс“ и дека поради тоа може да служат како доказ во рамките на значењето на член 804 под-член 1 од Законот за правосудство.

Неспорно е дека во врска со снимките, на тројца од учесниците, жртвата, полицаецот и мајката на менаџерот на хотелот, им било ветено дека ќе можат да учествуваат без можност да бидат идентификувани, така што нивните идентитети ќе бидат заштитени со правото на изземање од должноста да сведочат како сведоци, согласно член 172 под-член 2 (ii), првата реченица од Законот за правосудство.

Обвинението против „Могенс“ се однесува за кривично дело што подлежи на казна од 4 години затвор или повеќе. Обвинението вклучува неколку случаи на сексуални врски различни од сексуален однос во текот на долго време, со момчиња од 15 години, а Врховниот суд наоѓа дека случајот се однесува на кривично дело кое е тешко кривично дело. Сепак, во поглед на информациите за содржината на материјалот што се однесува на тројцата спомenати учесници (жртвата, полицаецот и мајката на менаџерот на хотелот) во споредба со можностите на

истрагата кои се на располагање на друг начин, не може да се земе дека материјалот е од витално значење за решавањето на случајот. Во тие околности, Врховниот суд се согласил дека не се исполнети условите наведени во член 804 под-член 4 и член 172 под-член 5 од Законот за правосудство за издавање наредба (да се принуди Друштвото Молител да го открие или предаде материјалот што се однесува на тие тројца учесници) спротивна на правото на изземање од должноста да се предадат докази .

Снимките на членовите Здружението не педофилите направени во текот на неговите состаноци и на „Могенс" и „Пер" биле направени со скриена камера. Затоа ветувањето за анонимност можело да се даде само по снимањето. Сеопфатната привилегија на медиумите да ги заштитат своите извори согласно член 172 од Законот за правосудство била воведена во однос на приликата на изворите и учесниците да го користат правото на слобода на говорот, бидејќи ветувањето за анонимност може да биде витален предуслов за снабдување на еден новинар со информации. Така, главна цел на прописите во врска со правото на изземање од должноста да се сведочи како сведок е да се заштитат лица како и, потпирајќи се врз ветувањето за анонимност се согласиле да учествуваат во емисијата. И покрај тоа, во согласност со прописите за новинарска етика и користење на скриена камера, (Друштвото Молител) последователно им дало на учесниците ветување и го одржало тоа ветување во емисијата, член 172 под-член 2 (ii) од Законот за правосудство не може, согласно својата формулација и намена, да го опфаќа правото на изземање од должноста да се сведочи како сведок во однос на снимките што се во прашање. Ниту пак тоа го може член 172 под-член 2 (i).

Емисијата содржи снимки направени пред Хотелот во Индија од момчето со кое "Могенс„ наводно имал (сексуални) односи. Името на момчето не се појавува и преземени се разумни мерки на претпазливост за да се заштити неговиот идентитет, но тоа не е доволно за да се утврди правото на изземање од должноста да се предадат докази согласно член 172 под-член 2 од Законот за правосудство.

Судскиот налог согласно член 804 од Законот за правосудство може да не се издаде ако не е пропорционален со важноста на случајот и штетата што таквата наредба би можела да ја повлече (член 805 под лен 1 од Законот за правосудство). При ваквото урамнотежено користење, мора да се има обѕир кон природата на кривичното дело, вредноста што предметите да ја имаат во истрагата, и обѕири за работните услови на медиумите во однос на член 10 од Конвенцијата. Во такви околности, Врховниот суд нашол дека судскиот налог треба да биде ограничен на оние снимки каде „Могенс“ и момчето од Индија учествуваат, и на белешките од ЈБ кои се однесуваат на тоа.

... (Врховниот суд) нареди (Друштвото Молител) да ги предаде тие делови од немонтираните ленти со снимки за емисијата „Данските педофили“ во која „Могенс“ или момчето од Индија учествуваат. Исто така, (Друштвото Молител) мора да ги предаде белешките направени од новинарот ЈБ во врска со споменатите снимки. Сепак, снимките и белешките може да бидат изземени од наредбата за предавање секогаш кога тоа би повлекувало ризик од откривање на идентитетот на жртвата, полицаецот и мајката на менаџерот на хотелот“.

На 1-ви април 2003 година Копенхагенската Полиција одлучила да ја прекине истрагата против „Могенс“и да ја повлече тужбата против него.

## Б. Релевантното домашно право

Одредбите од Законот за правосудство (*Retsplejeloven*), што се однесуваат, до мерката до која тоа е релевантно, гласи како што следува:

**Член 172**

1. Уредниците и персоналот на уредништвото вработени во издаваштво опфатено со член1 под-член 1 од Законот за одговорноста на медиумите (*Medieansvarsloven*) не подлежат на обврска да сведочат во својство на сведоци за:

(i) идентитетот на изворот на информациите или авторот на статија, или лице кое снимало фотографија или обезбедило друга сликовна продукција. Ако имало објавување, подлежи на изземање од должноста да се сведочи во својство на сведок бидејќи изворот, авторот, фотографот или продуцентот не се идентификувани во објавата.

(ii) Идентитетот на едно лице чија слика е прикажана или кое е тема на разговор, кога на истото му е ветена анонимност. Ако имало објавување, изземање од должноста да се сведочи во својство на сведок важи се додека идентитетот (на релевантните лица) не се појавува во текстот.

2. Уредниците и персоналот на уредништвото, вработени од радио или телевизија опфатени од член 1 под-член 2 од Законот за одговорност на медиумите, не подлежат на обврска да сведочат во својство на сведоци за:

(i) Идентитетот на изворот на информациите или авторот на делото, или лице кое снимало фотографија или обезбедило друга сликовна продукција. Ако имало објавување на информација, дело итн., тоа е услов за изземање од должноста да се сведочи во својство на сведок бидејќи изворот, авторот, фотографот или продуцентот не се идентификувани во емисијата.

(ii) Идентитетот на учесниците на кои им било ветено дека ќе можат да учествуваат без можност да бидат идентификувани . Ако емисијата е емитувана , тоа е услов за изземање од должноста да се сведочи во својство на сведок бидејќи името на релевантните лица не се појавува, а се преземени разумни мерки на претпазливост за да се скрие нивниот идентитет.

3. ...

4. ...

5. Ако случајот се однесува на тешко кривично дело, кое согласно Законот се казнува со затвор во времетраење од 4 години или повеќе, Судот може да ги принуди лицата наведени во под-членовите од 1 до 4 да сведочат во својство на сведоци, ако таквото сведочење се смета дека е од витално значење за решавање на случајот, а интересот за решавањето на случајот очигледно ја надминува потребата на масовните медиуми да ги заштитата своите извори.

6....

**Член 804**

1. Како дел од истрагата за кривично дело, подложно на кривично обвинение, секое лице кое не е осомничено може да биде принудено да открие или да предаде предмети (публикација) ако постои причина да се претпоставува дека таквиот предмет, што тоа лице го поседува, може да послужи како доказ, и треба да се заплени, или ако било отстрането во текот на кривичното дело од некого што може да го побара назад...

2. ...

3. ...

4. Наредба да се откријат или предадат предмети не може да се издаде ако тоа би резултирало со откривање на работи за кои тоа лице би било изземено или исклучено од сведочење во својство на сведок.

5. ...

**Член 805**

1. Не може да се изврши заплена, ниту може да се нареди откривање или предавање, ако тоа би било непропорционално со важноста на случајот и загубата и штетата што таквата наредба би можела да ги повлече.

2. ...

3. ...

## В. Релевантното меѓународно право

Неколку меѓународни документи се однесуваат на заштитата на изворите на новинарите, помеѓу другите, Резолуцијата за новинарската слобода и човековите права усвоена на 4-та Европска министерска конференција за политиката на масовните медиуми (Прага, од 7-ми до 8-ми декември 1994 год.) и Резолуцијата за доверливост на новинарските извори од Европскиот парламент од 18-ти јануари 1994 година, (Службен весник на Европската заедница бр. C 44/34).

Понатаму, Препораката бр. Р(2000)7 за правото на новинарите да не ги откриваат своите извори на информации, беше усвоена од Комитетот на министрите на 8-ми март 2000 година и гласи, до мерка до која тоа е релевантно:

> (Министерскиот комитет) препорачува на Владите на земјите членки:
>
> 1. Во нивното домашно право и практика да ги применуваат принципите додадени кон оваа препорака,
>
> 2. Широко да ја рашират оваа препорака и нејзините додадени принципи, каде што тоа е соодветно придружени со превод, и
>
> 3. особено да ги предочат на внимание на јавните органи, полициските органи и судството, како и да ги стават на располагање на новинарите, медиумите и нивните професионални организации.
>
> Дополнение кон Препораката бр. R (2000) 7
>
> *Принципите во врска со правото на новинарите да не ги откриваат своите извори на информации*
>
> *Дефиниции*
>
> За целите на оваа Препорака:

а. Терминот „новинар“ го означува секое физичко или правно лице кое е редовно или професионално ангажирано во собирање и ширење информации на јавноста по пат на било кое средство за масовна комуникација.

б. Терминот „информација“ го означува секој исказ за факт, мислење или идеја во форма на текст, звук и/или слика,

в. Терминот „ извор“ го означува секое лице кое дава информација на новинар,

г. Терминот „информација која го идентификува изворот“ означува, до мерката до која тоа веројатно би довело до идентификација на изворот:

*i. Името и личните податоци, како и гласот и сликата на изворот,*

*ii. Фактичките околности на добивањето информации од некој извор од страна на новинар,*

*iii. Необјавената содржина на информациите дадени на новинар од некој извор, и*

*iv. Личните податоци на новинарите и нивните работодавци што се во врска со нивната професионална работа.*

*Принцип 1 (правото на еден новинар да не открива)*

Домашното право и практика на земјите членки треба да обезбедат експлицитна и јасна заштита на правото на новинарите да не откриваат информации што го идентификуваат изворот согласно член 10 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи (во понатамошниот текст „ Конвенцијата“) и принципите утврдени со истата кои треба да се сметаат како минимални стандарди во однос на тоа право.

*Принцип 2 (Правото да не се откриваат други лица)*

Други лица кои, по пат на своите професионални односи со новинарите стекнуваат знаење информации што го идентификуваат изворот преку собирањето, уредувачката обработка или ширењето на тие информации,

треба еднакво да бидат заштитени согласно принципите утврдени во нив.

*Принцип 3 (Ограничувања на правото да не се открива)*

а. Правото на новинарите да не откриваат информации што го идентификуваат изворот не смее да подлежи на други ограничувања освен на оние наведени во член 10 став 2 од Конвенцијата. При определувањето дали некој легитимен интерес во однос на откривање, кој потпаѓа во рамките на опфатот на член 10 став 2 од Конвенцијата, претегнува над јавниот интерес да не се откриваат информации што го идентификуваат изворот, јавните органи на земјите членки треба особено да ја земаат предвид важноста на правото на неоткривање и предноста дадена на истото во прецедентното право на Европскиот суд за човекови права, и може да наредат откривање само ако, подложно на став б,има преовладувачко барање од јавен интерес и ако околностите имаат доволно витална и сериозна природа.

*б.* Откривањето на информации што го идентификуваат изворот не смее да се сметаат неопходни освен ако може уверливо да се утврди дека:

разумни алтернативни мерки за откривањето не постојат или се исцрпени од страна на лицата или јавните органи што го бараат откривањето, и

*ii.*. Јавниот интерес за откривањето јасно претегнува над јавниот интерес да нема откривање, имајќи на ум дека:

-

- преовладувачкото барање во однос на потребата за откривање е докажано,

- околностите се од доволна витална и сериозна природа,

- потребата од откривањето е идентификувана во смисла дека одговара на неодложна општествена потреба, и

- земјите членки уживаат извесен праг на почитување при проценката

на таа потреба, но тој праг оди рака под рака со надзорот од страна на Европскиот суд за човекови права.

в. Горните барања треба да се применуваат во сите фази на било која постапка каде се повикува на правото на неоткривање.

*Принцип 4 (Алтернативни докази за изворите на новинарите)*

Во правна постапка против еден новинар по основ на наводно нарушување на честа или угледот на едно лице, органите треба да ги имаат предвид, за целите на утврдување на вистината или поинаку, во однос на тврдењето, сите докази кои им се на располагање согласно националното процесно право и не смее да бараат за таа цел да се откријат информации што би идентификувале еден извор од страна на некој новинар.

*Принцип 5 (Услови во врска со откривањата)*

*а.* Предлогот или барањето да се покрене било какво дејствие од страна на надлежните органи што има цел откривање информации што идентификуваат еден извор може да се покрене од лица или јавни органи што имаат директен легитимен интерес за тоа откривање.

*б.* Новинарите треба да бидат информирани од надлежните органи за своето право да не откриваат информации што го идентификуваат изворот, како и за ограничувањата на тоа право пред да се побара откривањето.

в. Санкциите против новинарите поради неоткривање информации што го идентификуваат изворот треба да се наметнат само од страна на судски органи во текот на судска постапка што дозволува сослушување на новинарите засегнати во согласност со член 6 од Конвенцијата.

*г.* Новинарите треба да имаат право да наметнат разгледување на санкцијата во однос на неоткривање на своите информации што го идентификуваат изворот од страна на друг судски орган.

*д.* Кога новинарите одговараат на барање или наредба да се открие информација што го идентификува изворот, надлежните органи треба да предвидат примена на мерки што го ограничуваат распонот на откривањето, на пример со исклучување на јавноста од откривањето во поглед на член 6 од Конвенцијата кога тоа е релевантно, и самите да ја почитуваат доверливоста на таквото откривање.

*Принцип 6 (Спречување на комуникација, следење, како и судски претрес и заплена)*

*а.* Следните мерки не треба да се применуваат ако нивната намена го поништува правото на новинарите, согласно ограничувањата на овие принципи, да не открива информации што го идентификуваат изворот:

*i.* Спречување наредби или дејствија во однос на комуникација или коресподенција на новинарите или нивните работодавци,

*ii.* Надгледување наредби или дејствија во однос на новинарите, нивните контакти или нивните работодавци.

*iii.* Налози за претрес или заплена или дејствија во однос на приватни или деловни простории, предмети или коресподенција на новинарите или нивните работодавци, или лични податоци во врска со нивната професионална работа.

*б.* Кога информациите што идентификуваат некој извор се правилно снабдени од полицијата или судските органи по пат на било кое од горе наведените дејствија, иако тоа може да не било цел на тие дејствија, треба да се преземат мерки за да се спречи употребата на тие информации како доказ пред судовите, освен ако откривањето би било оправдано согласно Принципот.

*Принцип 7 (Заштита од самоинкриминација)*

Принципите утврдени тука на никаков начин нема да ги ограничуваат националните закони за заштита од самоинкриминација во кривичните постапки, новинарите треба да ја уживаат таквата заштита во поглед на

откривањето на информации што идентификуваат некој извор, до мерка до која таквите закони важат.

Заради прецизна примена на Препораката, белешката со објаснувања наведува значења на некои термини. Што се однесува до терминот „извори“, наведено е следното:

в. Извор

17. Секое лице кое дава информации на новинар ќе се смета за негов „извор“. Заштитата на врската помеѓу еден новинар и еден извор е цел на оваа Препорака, поради „ потенцијално студениот ефект“ што го има една наредба за откривање на извор врз користењето на слободата на медиумите ( види Ев. Суд Ч.В., *Гудвин против Велика Британија* 27-ми март 1996 година, т. 39). Новинарите можат да ги добиваат своите информации од секакви видови извори. Затоа, потребно е широко толкување на овој термин. Актуелната одредба за информација на новинарите може да претставува дејствие од страна на изворот, на пример кога еден извор се јавува или му пишува на еден новинар или му испраќа снимени информации или слики. Исто така ќе се смета дека некои информации се снабдени од менаџерот на хотелот кога еден избор останува пасивен и се согласува новинарот да ја земе информацијата, како што е филмување или снимање на информации согласно „изворот“.

## ЖАЛБАТА

Друштвото Молител се жалеше дека Одлуката на Врховниот суд од 29-ти август 2002 година, што го принудила да предаде необјавен материјал на Јавното обвинителство за истото да се послужи со него, ги прекршила нивните права согласно член 10 од Конвенцијата.

# ЗАКОНОТ

Друштвото Молител сметаше дека е жртва на прекршувањето на член 10 од Конвенцијата, што предвидува:

„1. Секој има право на слобода на изразувањето. Тоа право треба да ја вклучува слободата да се имаат мислења и да се примаат и шират информации и идеи без попречување од страна на јавен орган и без оглед на државните граници. Овој член нема да ги спречува Државите да бараат од радио, телевизиските или кинематографските претпријатија да имаат дозвола.

2. Користењето на тие слободи, бидејќи со себе носи должности и одговорности, може да подлежи на такви формалности, услови, ограничувања или казни што се пропишани со Закон и се неопходни за едно демократско општество во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната сигурност, за спречување на нереди или криминал, за заштита на здравјето и моралот, за заштита на угледот или правата на другите, за спречување на откривањето информации добиени во доверба или за одржување на авторитетот и непристрасноста на судството.“

Слободата на изразувањето претставува една од суштинските основи на едно демократско општество и заштитата што треба да се даде на печатот е од особена важност (види, помеѓу другите авторитети, *Педерсен и Баадсгаарт против Данска* (ГЦ), бр. 49017/99, т.71, ЕЦХР 2004 - ...).

Заштитата на новинарските извори е една од аголните камења на слободата на печатот. Без таквата заштита, изворите може да бидат одвратени од помагањето на печатот при информирањето на јавноста за работи од јавен интерес. Како резултат, виталната улога на печатот како куче-чувар на јавноста,може да се потцени а способноста на печатот да дава

точни и поуздани информации може да биде негативно погодена. Според тоа, ограничувањата на доверливоста на новинарските извори повикува на највнимателно испитување од страна на Судот (види *Роемен и Шмит против Луксембург*, бр. 51772/99, т. 46, ЕЦХР 2003 – IV , и *Гудвин против Велика Британија*, пресуда од 27-ми март 1996 година, Извештаи за пресуди и одлуки 1996 – II , потточки од 39 до 40) и попречувањето не може да биде компатибилно со член 10 од Конвенцијата освен ако е тоа оправдано со некое појако барање од јавен интерес.

Според мислењето на Судот, сепак има разлика помеѓу случајот што се води пред него и претходното прецедентно право. Во овој случај, кога новинарот ЈБ работел прикриено, елитата што разговарала со него не била свесна дека тој бил новинар. Исто така, благодарение на употребата на скриена камера, учесниците не биле свесни дека се снимани. И двете мерки биле употребени во врска со „ Могенс“ и момчето од Индија. Очигледно е дека „Могенс“, кој веќе бил познат на полицијата, не учествувал во програмата поради желба да го информира печатот или јавноста за активностите на Здружението на педофилите, за активностите на педофилите во Данска и Индија, или за неговите сопствени сексуални активности. Истото е вистина и за момчето од Индија со кого „Могенс“наводно имал сексуална врска. Всушност, мнозинството лица што учествувале во емисијата, не помагале слободно на печатот заради информација на јавноста околу нештата што се од јавен интерес или работи што ги засегаат другите, туку напротив. Ниту пак тие се согласиле да бидат снимани или филмувани и да дадат информации на тој начин. Следствено, тие учесници не може да се сметаат за извори на

новинарски информации во традиционална смисла (види ја на пример дефиницијата поставена во белешките со објаснување на Препораката бр. Р (2000) 7, погоре).

Гледано во таа светлина, на Друштвото Молител не му било наредено да го открива својот новинарски извор на информации. Попрво му било наредено да предаде дел од неговиот сопствен материјал од истражувањето. Судот не спори дека член 10 од Конвенцијата може да се применува во таква ситуација и дека обврзното предавање на материјалот од издржувањето може да има студен ефект врз користењето на новинарската слобода на изразувањето (види, *mutatis mutandis*, *Кумпана и Мазарев против Романија* ( ГЦ), бр. 33348/96, т. 114, ЕЦХР 2004-...). Како и да е, оваа работа може правилно да се обработи само во околностите на даден случај.

Од друга страна, Судот не е убеден дека степенот на заштита согласно член 10 од Конвенцијата, што треба да се примени во ситуација како оваа, може да постигне исто ниво како тоа што им се дава на новинарите кога тоа се однесува на нивното право да ги држат нивните извори во доверливост, особено поради тоа што последнава заштита е двострана, и се однесува не само на новинарот туку исто така особено на изворот кој волонтерски помага на печатот во информирањето на јавноста за работи од јавен интерес.

Судот наоѓа дека одлуката на Врховниот суд од 29-ти август 2002 година да го принуди Друштвото Молител да ги предаде немонтираните снимки во кои „ Могенс“ или момчето од Индија учествувале, како и белешките на ЈБ што се однесуваат на тоа, претставуваат попречување во рамките на значењето на член 10 став 1 од Конвенцијата, како што пропишува Законот и тежнее кон „легитимни цели“ да се спречи неред или криминал и

да се заштитат правата на другите. Прашање е дали тоа попречување било „неопходно за едно демократско општество“ во рамките на значењето на член 10 став 2 или со други зборови, дали причините наведени од националните органи за да се оправда попречувањето биле „релевантни и доволни“и дали преземените мерки биле пропорционални на „легитимните цели што се сакало да се постигнат“ (види на пр. *Пердесен и Баадсгард против Данска.* цитирани погоре т.68-70).

Во својата одлука, Врховниот суд помеѓу другото наведе: „Опсежната привилегија на заштитување на своите извори благодарение на член 172 од Законот за правосудството е воведена водејќи сметка за приликата на изворите и учесниците да ја користат слободата на говорот, бидејќи ветувањето за анонимност може да биде витален предуслов за снабдувањето на еден новинар со информации. Така, главна цел на прописите во врска со правото на изземање од должноста да се сведочи во својство на сведок и да се заштитат лицата кои потпирајќи се врз ветувањето на анонимност, се согласиле да учествуваат во емисијата... Судскиот налог согласно член 804 од Законот за правосудство може да не биде издаден ако тоа е непропорционално со важноста на случајот и штетата што таквата наредба би можела да ја повлече (член 805, под-член 1 од Законот за правосудство). Во ова користење на урамнотежувањето, мора да се води сметка за природата на кривичното дело, вредноста што предметите може да ја имаат за истрагата на случајот, и важноста на работните услови на медиумите во однос на член 10 од Конвенцијата.“

Според тоа, Врховниот суд и данското законодавство јасно признаваат дека попречувањето на заштитата на новинарските извори не може да биде компатибилно со член 10 од

Конвенцијата, освен ако тоа е оправдано со појако барање што е од јавен интерес.

Следствено, Врховниот суд најде дека идентитетот на новинарските извори во традиционална смисла, имено жртвата ,полицаецот и мајката на менаџерот на хотелот биле заштитени. Тие три лица знаеле дека разговараат со новинар за работа од јавен интерес пред да земат учество и им било ветено дека ќе можат да учествуваат во емисијата без да има можност да бидат идентификувани.

Врховниот суд јасно признава дека содржината на емисијата продуцирана од Друштвото Молител, активностите на педофилијата во Данска и на Здружението на педофилите, биле теми од сериозен јавен интерес, како што тоа била и истрагата на наводните тешки кривични дела.

Во врска со тоа, Судот смета дека обврската на Земјите договорнички согласно член 1 од Конвенцијата, да обезбеди секому во рамките на нивната надлежност, правото на слободата дефинирано со Конвенцијата, во врска со член 3, бара од Земјите членки да ги преземат мерките предвидени за осигурување на поединците во рамките на нивната надлежност да не бидат подложени на тортура, нехуман или деградирачки третман, вклучително такво лошо третирање од страна на приватни поединци (види *А. против Велика Британија,* пресуда од 23-ти септември 1998 год., Извештаи за пресуди и одлуки 1998- VI, стр. 2699, т. 22). Тие мерки треба да обезбедат ефектна заштита, особено на децата и другите ранливи лица и да вклучуваат разумни чекори за спречување лошото третирање за кое органите требале или морале да знаат (види, З *и други против Велика Британија* (ГЦ), бр. 29392/95, т. 73, ЕЦХР 2002-VI).

Врховниот суд најде дека немонтираните снимки и белешки направени од новинарот ЈБ би можеле да помогнат во истрагата и снабдувањето докази во случајот против „Могенс“ чиј идентитет, како што е наведено, веќе бил познат на полицијата.

Потоа, откако се одмерени различните конфликтни интереси, Врховниот суд наредил Друштвото Молител да предаде ограничен дел од немонтираните снимки, имено „оние снимки во кои Могенс или момчето Индиец учествуваат, и белешките на ЈБ што се однесуваат на нив“. Тие снимки и белешки, сепак беа иземани од наредбата секогаш кога тоа би повлекувало ризик од откривање на идентитетот на „жртвата, полицаецот и мајката на менаџерот на хотелот“.

Следствено, наредбата на Врховниот суд навистина била ограничена на сопствениот материјал од истражувањето на Друштвото Молител, и тоа само еден дел од него, бидејќи што се однесува до остатокот од немонтираните снимки и белешки, што исто така претставуваат и материјал од истражувањето, вклучително наприкажаниот материјал во врска со „Пер“или состаноците на Здружението на педофилите, што Врховниот суд ги нашол за Друштвото Молител.

Конечно, Судот смета дека наредбата на Врховниот суд се однесувала на предавањето на ограничен дел од немонтираните снимки наспроти подрастичните мерки, како што се на пример претресот на домот на новинарот ЈБ и неговото работно место или на седиштето на Друштвото Молител (види *Роемен и Шмит против Луксембург*, наведена погоре, т. 57).

Во овие услови, Судот е задоволен дека наредбата да се принуди Друштвото Молител да предаде ограничени немонтирани снимки во кои „Могенс“или момчето Индиец учествувале, а белешките на ЈБ што се однесуваат на тоа не

биле пропорционални со легитимната цел што се сакало да се постигне, и дека причините дадени од Врховниот суд за да се оправдаат таквите мерки биле релевантни и доволни.

Следува дека молбата е очигледно лошо заснована во рамките на значењето на член 35 став 3 од Конвенцијата.

Поради тие причини, Судот едногласно

ја прогласува молбата за недозволива.

Сантјаго Квесада — Заменик записничар

Христос Розакис — Претседател